и им помагаат да напредуваат додека следат одржлив пат. Квалитетот значи неколку работи за нашата глобална даночна практика. Ова вклучува постојано зајакнување на важноста на етиката и професионалното однесување и одржување на ригорозен систем на внатрешни контроли на квалитетот и процедури за следење. Дополнително, квалитетот вклучува развивање на вештините, знаењата и способностите на нашите тимови преку постојани можности за професионален и личен развој. Трето, тоа подразбира и големо инвестирање во иновации и нови технологии приспособени да ги поддржат специфичните потреби на нашата сервисна линија за даночни услуги.

И на крај, нашата сервисна линија за **ESG** се надоврзува на нашето длабоко искуство во ревизијата и консалтингот за да им помогнеме на компаниите да го следат патот на постигање одржливост. Овде, квалитетот е евидентен преку комбинација на задоволството на засегнатите страни, техничка експертиза, иновации и придонеси за здрави деловни практики.

Нашиот глобален систем за управување со квалитет

## Нашите глобални стандарди

**Минималните глобални стандарди се поставени на ниво на групација и компаниите мора да дизајнираат, имплементираат и управуваат со локален систем за управување со квалитетот (SoQM) кој ги ублажува идентификуваните ризици за квалитет и ги покрива глобално пропишаните контроли. Тие се кодифицирани во Прирачникот за глобална политика (GPM), кој беше ажуриран во текот на годината.**



## Нашиот глобален систем за управување со квалитет ISQM1

**За да обезбедиме глобално конзистентен, силен, проактивен и ефективен пристап кон управување со квалитетот, имплементиравме обновен глобален систем за управување со квалитет (SoQM). Ова е усогласено со барањата на Меѓународниот стандард за управување со квалитет 1 (ISQM1).**

Mazars' system of quality management



# Нашиот глобален систем за управување со квалитет
# **Вградување на квалитетот во нашата култура со применување на нашите вредности**

## Нашите вредности се она што нѐ поттикнува да ја направиме вистинската работа и да се однесуваме на начин што ја покажува нашата посветеност на градење култура на квалитет и транспарентност.

### Глобален патоказ за квалитетна култура

Знаејќи ја важноста на нашето однесување поврзано со квалитетот, развивме патоказ за квалитетна култура, кој вклучува различни проекти усогласени со нашата цел да го вградиме квалитетот во нашата култура.

### Извештаи за квалитет и ризик на партнерите

Во 2023 година изготвивме рамка за глобален извештај за ризик за квалитетот на партнерите (PQRR) за да се инкорпорира како дел од евалуацијата на перформансите на партнерите на крајот на годината. Извештајот вклучува различни метрики и клучни индикатори за перформанси (KPIs) кои го мерат однесувањето и активноста во три области, имено, придонес за квалитет, квалитетни перформанси и ризично опкружување. Извештајот треба да се комплетира за сите партнери во сите сервисни линии, а делумно е имплементиран во 2023 година, меѓутоа целосната имплементација се очекува во 2024 година. Собраните информации се се земени во предвид при одлуките за унапредување, како и во наградувањето на партнерите, што ја покажува нашата посветеност да водиме правилно квалитетно однесување, да наградуваме извонреден квалитет и, кога е потребно, и санкционирање за недостатоците во квалитетот.

### Нашиот глобален кодекс на однесување

Нашиот глобален кодекс на однесување ни помага да го разбереме однесувањето што го очекуваме од нашите партнери и персонал за да се водиме според нашите вредности на секојдневна основа. Во текот на годината ја започнавме нашата втора серија на обуки за кодекс на однесување, фокусирајќи се на несвесните и другите предрасуди на кои сме изложени и ги искусуваме. Обуката е задолжителна за сите партнери и персонал и имаше краен рок до 31 декември 2023 година за конечно завршување.

### Сопфатно управување

Негувањето на вистинската култура започнува со високи стандарди поставени на врвот. Цврстите структури на управување се клучен аспект за помагање да се постават вистинските стандарди на врвот и да се олесни водењето според нашите вредности. Структурите на управување на Mazars Group се опфатени во делот „Кои сме ние“, на страниците 16 до 20.

Нашето раководство ја демонстрира својата посветеност за создавање на средина која го поддржува квалитетот преку ставање акцент на важноста на одговорноста во сите аспекти на бизнисот.

## Комуникација

Ние негуваме култура која е комуникативна и ги промовира етиката и вредностите на бизнисот, како и култура која ја зајакнува нашата посветеност на квалитетот, и внатрешно и надворешно. Водечките тимови се потсетуваат на нивната одговорност во однос на високите стандарди и критичната улога што ја играат во одржувањето на етичка и одговорна средина.

## Вградување на етика и интегритет

Нашето раководство разбира дека за бизнисот да успее, етиката и интегритетот мора да бидат дел од нашата ДНК. Тие ја нагласуваат важноста на квалитетот над комерцијалните размислувања. Нашите вредности поставуваат платформа за она што веруваме дека ќе изгради долгорочен, одржлив успех за организацијата. Сакаме да работиме на начин кој ги промовира нашите вредности и да обезбедиме најдобра можна средина за нашите тимови да напредуваат.

## Охрабруваме искажување на сопствено мислење

Посветени сме на одговорно, отворено и професионално справување со загриженоста што може да ја имаат партнерите или персоналот за можното недолично однесување во нашата глобална организација. Искажувањето на каква било загриженост е охрабрено и поддржано преку нашиот глобален процес на дојавување и линии за известување.

## Обезбедување одговорност

Почнавме да развиваме рамка за одговорност, која ги дефинира квалитетните KPIs за различни лидерски улоги. Користивме консултативен пристап за да се осигураме дека постои длабоко разбирање дека крајната одговорност за квалитетот се наоѓа на различни нивоа во рамките на лидерските улоги и овие KPIs треба да бидат вградени во профилите на улоги за да се обезбеди одговорност.

## Посветеност на различноста и инклузијата

Нашиот GEB е посветен на различноста и инклузијата и гарантира дека ова се зема предвид во сè што правиме.

# Нашиот глобален систем за управување со квалитетот

# Идентификување и разбирање на нашите ризици за квалитетот

## Проценката на ризикот е во сржта на нашиот SoQM и ни овозможува да спроведуваме политики, процедури и контроли кои се однесуваат на ризиците, врз основа на природата и околностите на нашите фирми и ангажманите што ги извршуваме.

### Нашиот пристап кон управување со ризици

Нашиот пристап кон проценка на ризиците кај квалитетот

Секоја компанија во Mazars Group е одговорна за дизајнот, имплементацијата и функционирањето на нејзиниот локален SoQM. Основно за ова е процесот на глобална проценка на ризикот на Mazars, кој ги поставува глобалните основни минимални контроли, политики и одговори. Тргајќи од тука, од фирмите се бара:

- Да ги идентификуваат целите за квалитет и ризиците за квалитетот поврзани со постигнувањето на тие цели.
- Дизајнирање и спроведување на одговори и контроли за ублажување на тие ризици, одразувајќи ја природата, околностите и сложеноста на локалната фирма, во согласност со глобалните основни минимални контроли и политики.
- Тестирање на дизајнот, имплементацијата и оперативната ефективност на контролите.

Нашиот глобален процес на проценка на ризикот е годишна итеративна вежба која ги зема предвид резултатите од тестирањето на ефективноста секоја година, ги разгледува и анализира информациите за релевантните услови и настани, ги прегледува достапните индикатори за квалитет и ризик, ги разгледува влијанијата врз целите и ризиците за следниот циклус и прави измени по потреба.

### Управување на ризикот кај нашите членки

Дополнително, во 2023 година, нашата глобална програма за управување на ризик кај нашите членки (ERM) обезбеди редовен ангажман со најголемите земји и региони низ Групацијата со цел да се споделат најдобрите практики и да се разговара за еволуцијата на ризикот, трендовите, потребите на пазарот и регулаторните барања.

Овој процес на консултации, во комбинација со надворешен ангажман, помогна во текот на годината во идентификувањето на најголемите ризици на Групацијата, што вклучуваше управување со квалитетот како еден од клучните ризици со кои се соочува нашиот бизнис.

# Нашиот глобален систем на управување со квалитет
# **Јасна комуникација**

## Информациите што ги добиваме, генерираме, користиме и споделуваме се уште еден клучен аспект од нашиот пристап кон управувањето со квалитетот. Без точни и навремени информации, не можеме да донесуваме информирани одлуки или ефикасно да ги следиме нашите перформанси.

### Комуникација со колегите

Нашиот глобален ребренд, кој беше испорачан во 2020 година, стави силен акцент на квалитетот, конзистентноста и извонредноста во сè што е поврзано со нашиот бренд. Оттогаш, започнавме различни глобални комуникациски кампањи за да помогнеме во поддршката, едукацијата и информирањето на партнерите и вработените во Mazars за некои од различните елементи на квалитетот. Најважните моменти од минатата година го вклучуваат следново.

### Зошто добрите луѓе донесуваат лоши одлуки?

За да го поддржиме објавувањето на нашата ажурирана обука за нашиот кодекс на однесување, започнавме глобална кампања со цел да одговориме на прашањето: „зошто добрите луѓе донесуваат лоши одлуки?“. Кампањата истакна некои од предрасудите на кои сите можеме да бидеме подложни со обезбедување увид во теми како што се несвесни предрасуди, прекумерна самодоверба и сообразност.

Кампањата и поврзаните обуки беа дизајнирани да ја подигнат свеста за овие (и други) предрасуди, да обезбедат поддршка за да не подлегнеме на овие предрасуди и да се осигура дека нашите партнери и персонал се подготвени да ги препознаат и адресираат на љубезен начин доколку ги забележат кај другите.

### „Вистински Mazars искуства“

Еден од основните елементи на нашата култура е тоа што нудиме човечка, грижлива и модерна работна средина за нашите луѓе. Во текот на 2023 година, го споделивме ова низ групацијата преку нашата кампања „Вистински Mazars искуства“. Ова покажа дека партнерите и вработените во Mazars споделуваат вистински приказни за градење кариера, паметно работење, правење поголем напор и достигнување на нивниот потенцијал.

### Gen You, следната генерација на ревизори во Mazars

Кампањата наречена „Gen You“, е кампања чија цел е да ја промовира атрактивноста на ревизијата кај младите луѓе на возраст од 18-25 години. Кампањата, која траеше во текот на 2023 година и продолжува во 2024 година, ја нагласува важната улога што ја игра ревизијата во општеството, трансформативната природа на професијата, бескрајните можности за учење и кариера и на крајот зошто кариерата во ревизија во Mazars е паметен избор. Тоа е повеќеканална кампања, која ги користи и дигиталните и печатените канали.

Кампањата вклучува наши ревизори и усвоивме регионален пристап започнувајќи прво во Европа и Северна Америка во март 2023 година. По успесите во овие региони, кампањата сега е спроведена и во Пацифичка Азија од октомври 2023 година и во Африка и Блискиот Исток од јануари 2024 година. Исто така, истражуваме како да го искористиме концептот Gen You низ

сервисните линии, така што тој ќе стане наша глобална кампања за нашата млада целна публика.

### Награди за влијание на Mazars

Во 2022 година, Mazars ги претстави наградите за влијание на Mazars, кои беа дизајнирани да ги препознаат извонредните достигнувања во шест категории: бренд и комуникации, бизнис победи, бизнис иновации, корпоративна одржливост, квалитет и талент и луѓе. Партнерите на Mazars гласаат за финалистите и првите победници беа објавени на годишното Генерално собрание на партнери во 2023 година, прикажувајќи некои од висококвалитетните проекти спроведени низ нашата компанија во текот на претходната година.

### Глобален пренос во живо на Извршниот директор

Друг клучен момент во 2022/2023 година беше лансирањето на нашите целосни преноси во живо на Глобалниот извршен директор за да му овозможиме на нашиот платформа преку која ќе може директно да комуницира со целиот персонал, ставајќи акцент на критичните прашања за фирмата. Преносот во живо на Глобалниот извршен директор е важен настан за ангажирање на вработените, чија цел е да ги едуцира и инспирира нашите луѓе, да создаде чувство на припадност кон една меѓународна фирма и, на крајот, да ги поттикне перформансите кон заеднички цели. Овој настан се организира двапати годишно.

### GEB форум за дијалог

GEB комуницира со сите управувачки партнери на редовна основа преку сесии за дијалог, кои нудат можност за пренесување на клучните групни пораки, добивање повратни информации и поттикнување отворена комуникација.

## Разбирање на нашите клиенти

Разбирањето на потребите, перцепциите и искуствата на нашите клиенти ни помага да испорачаме и континуирано да го подобруваме квалитетот на нашата услуга. Еден од начините на кој го правиме ова е преку нашата програма за поддршка на  клиенти, формална програма за ислушување на фидбекот од клиентите која, во 2023 година, доби одговори од клиенти од приватни фирми и поголеми организации кои опфаќаат широк опсег на индустриски сектори, низ сите региони во светот.

Во рамките на истражувањето, од клиентите се бара да ја оценат услугата што ја добиле од Mazars во однос на низа атрибути поврзани со севкупниот квалитет. Овие прашања ги мерат метриките што вообичаено се користат во индустријата, вклучувајќи ја Net Promotor Score метриката (NPS) и Оценката за задоволство на клиентите (CSAT).

Од резултатите од фидбекот, дознаваме во кој дел ни оди добро и каде можеме да направиме подобрувања, што ни помага да ги идентификуваме и решаваме проблемите и континуирано да ја подобруваме услугата што ја добиваат нашите клиенти.

За повеќе информации за други начини на кои обезбедуваме квалитетни резултати за нашите клиенти, видете го делот „Испорачување квалитет за нашите клиенти“ од овој Извештај.

## Глобална анкета

Внатрешно, анкетите за ангажман на вработените се одличен начин да им се даде глас на нашите луѓе и да се слушне што навистина мислат за работата во Mazars. Претходно, истражувањата беа спроведени локално на ниво на земја. Во 2023 година, инвестиравме значително време и ресурси во развивање на Глобална анкета за луѓето (GPS), која ќе биде спроведена во 2024 година.

GPS беше дизајнирана под раководство на управен комитет составен од претставници од земји кои имаат искуство во спроведување на анкети за ангажман на вработените. Овие анкети ќе дадат увид во повеќе научно докажани прашања поврзани со ангажираноста и квалитетот на вработените. Откако ќе се соберат сознанијата, резултатите ќе се толкуваат за да се обезбеди

длабока, меѓусебна анализа и дефинирани акциони планови, поддржани со алатки и барања за одговорност.

# Нашиот глобален систем за управување со квалитет
# **Развивање на талентирани тимови**

## Работејќи во индустрија што бара длабоко знаење, нашите луѓе се клучни за испорака на квалитет. Привлекувањето, задржувањето, едукацијата и развојот на талентирани тимови значи дека сме во состојба постојано да ги исполнуваме и надминуваме барањата на нашите засегнати страни.

### Развивање на нашето партнерство

Според ветувањето на работодавачот за „паметен избор“, нашата глобална рамка за човечки ресурси ги поддржува земјите од нашата групација да ги привлечат, задржат и развиваат најдобрите луѓе.

Генерално, 2023 година беше активна година од аспект на развој и за нашиот лидерски тим и за поширокото партнерство. Имаше постојан раст на бројот на партнери, со зголемена родова разновидност, а нашите програми за партнерство и развој на лидерство поздравија рекорден број на учесници, со зголемено глобално присуство.

Меѓу нашите водечки програми, 175 учесници од 51 земја учествуваа на Семинарот за лидерство на жени (со зголемување од 48% споредено со 2022 година); 60 партнери од 28 земји учествуваа во нашата Извршна МБА; 25 учесници го завршија TheNextMBA; 110 идни партнери присуствуваа на LEAD програмата (зголемување од 30% споредено со 2022 година); и обновената програма U-Spring на лице место е распродадена, со 60 партнери, кои претставуваа 22 земји.

Дополнително, во текот на годината беа организирани 65 вебинари во живо на кои учествуваа повеќе од 200 колеги. Со главен фокус на содржината за обука на Web 3.0, им помагаме на нашите лидери да се подготват за напредни предизвици за управување.

Паралелно, Mazars School of Excellence ја зголеми употребата на нашата дигитална образовна стратегија овозможена преку нашата глобална платформа U-learn, зголемувајќи ги индивидуалните регистрации на повеќе од 33.000 учесници (18.000 во 2022 година).

Ја разбираме важноста на обуката за подобрување на способноста на нашите тимови да пружат квалитетна услуга. Исто така, се осигуруваме дека тимовите кои се назначени на ангажмани ги имаат вистинските вештини, се на вистинското ниво и се способни да ја извршуваат работата што им е доделена.

### Политика за компензација на партнери

Под надзор на GGC, и врз основа на препораките добиени од извршните директори на земјата, добивката на Mazars SC се дели меѓу партнерите според бројот на „основни поени“ (BP) што се доделуваат.

Вредноста на овие поени се пресметува врз основа и на севкупните перформанси на Mazars SC и на перформансите на компанијата членка во која партнерот придонесува. И двата критериуми имаат еднаква тежина. BP се доделуваат на партнерите за период од четири години, според вкупните просечни перформанси на земјата и индивидуалните перформанси на секој партнер во претходната година.

mazars

# Нашиот глобален систем на управување со квалитет

# Почитување на етичките стандарди

## Како компанија за мултидисциплинарни професионални услуги, ние сме должни да дејствуваме во јавен интерес и да ги почитуваме релевантните етички стандарди. Тие ги вклучуваат важечките закони и регулативи каде и да работиме, барањата на нашите регулатори и стандардите што самите ги поставуваме.

### Одржување на нашата независност

Континуирано се трудиме да постигнеме највисоки нивоа на објективност и независност во сите наши задачи и имаме осмислено и имплементирано политики и процедури кои имаат за цел да обезбедат партнерите и персоналот да се усогласат со релевантните стандарди, каде и да работат.

Еден клучен внатрешен документ кој ги поддржува колегите да ги почитуваат овие стандарди е Кодексот на однесување за објективност и независност (CCOI). CCOI е во согласност со Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители Меѓународниот кодекс за етика за професионални сметководители (кодексот IESBA) и воведува дополнителни специфични барања за фирмите и персоналот на Mazars. Тој беше ажуриран во текот на годината за да ги одрази најновите промени во Кодексот на IESBA.

### Управување со заканите што се јавуваат по нашата независност

Нашата работа за независност и прифаќање е надгледувана на ниво на група од Комитетот за независност и прифаќање на групата (GIAC), една од функциите на групата Q&RM идентификувана во делот „Нашата глобална структура на управување со квалитетот и управувањето со ризик“ од овој извештај.

### Идентификување на судир на интереси

Судирите на интереси, без разлика дали се лични или професионални, претставуваат закана за нашата независност и можат да ги поткопаат нашите проценки. CCOI го опишува пристапот што треба да се преземе кога се идентификуваат потенцијални конфликти на интереси и закани по нашата независност, вклучително и онаму каде што треба да се применат соодветни заштитни мерки.

#### Надоместоци и други видови на наградување

Преговарањето на надоместоците со клиентите може да создадат закани од личен интерес и заплашување. CCOI обезбедува насоки за целиот персонал за релевантните фактори што треба да се земат предвид при оценувањето на заканите за независноста и обезбедувањето соодветни заштитни мерки, вклучително и обезбедување соодветни прегледувачи, обелоденувања на клиентите, каде што е применливо и прагови за прегледи на квалитет во случај на зависност од надоместоци.

#### Компензации, подароци и репрезентација

Подароците и репрезентациите можат да бидат ефикасен начин за градење професионални односи; сепак, мора да се внимава да не се даваат или примаат компензации кои се несоодветни или можат несоодветно да влијаат на однесувањето.

Членките на Mazars поставуваат ограничувања на локално ниво кога станува збор за давање и примање на компензации, вклучувајќи подароци и репрезентација, во склоп на релевантните

закони и прописи. Како глобално правило, фирмите или членовите на тимот за ревизија не смеат да прифаќаат подарок или репрезентација од клиент за ревизија или уверување освен ако вредноста не се смета за тривијална и незначајна.

### Финансиски интереси

CCOI дава јасни насоки за тоа кој може и не може да има какви финансиски интереси кај клиентите. Ова ги вклучува и директните и индиректните финансиски интереси. Кога ќе се појават потенцијални финансиски интереси кај клиентите, секоја појава мора да се анализира случај по случај од страна на локалниот партнер одговорен за етика и да се воспостават соодветни заштитни мерки.

### Деловни односи

Деловните односи со клиентите можат да имаат материјално влијание врз нашата објективност и затоа можат да создадат закани по нашата независност. Нашите правила за фирмите-членки и членовите на тимовите за уверување (и членовите на нивното потесно семејство) се утврдени во CCOI во однос на заедничките вложувања, аранжманите за комбинирање на услуги или производи, аранжманите за дистрибуција и маркетинг и сопственичките интереси. За да менаџираат и да ги ублажат овие потенцијални закани, раководителите на земјата мора да ги дефинираат релевантните локални заштитни мерки што треба да се воспостават.

### Семејни и лични односи

Семејните и личните односи со клиентите исто така можат да создадат потенцијални или согледани закани за нашата независност. Повторно, CCOI ги поставува правилата што мора да се применат на глобално ниво за да се осигура дека поединците не се наоѓаат во ситуации каде што личните или семејните односи може да резултираат со нивните лични интереси во конфликт со интересите на Mazars и барањето да се дејствува во јавен интерес. Таквите односи треба да бидат пријавени во нашата годишна Изјава за независност (објаснето подолу).

### Вработување и здружување со клиенти за ревизија/уверувања

За да ја зачуваме нашата независност, партнерите и стручниот персонал не смеат да служат како членови на тимот за ревизија или уверување доколку служеле како службеници или директори на клиенти за ревизија или уверување во периодот опфатен со ревизорскиот извештај. Слично на тоа, на партнерите и стручниот персонал не им е дозволено да служат како директори или службеници на клиенти за ревизија или уверување на Mazars.

Усогласеноста со овие барања се управува локално преку политики и процедури кои бараат од членовите на тимот за ревизија да ја известат фирмата доколку стапат во преговори за вработување со клиент за ревизија.

### Привремени кадровски задачи

Позајмување на персоналот на Mazars на клиентите за ревизија, исто така, може да создаде закани за само-оценување, застапување или блискост. Затоа имаме голем број на забрани за да ги спречиме овие практики. Ваквите задачи се дозволени само во ретки околности и во овие случаи, мора да постојат заштитни мерки за да се ублажат идентификуваните закани.

### Долга поврзаност на персоналот со клиенти за ревизија/уверување (вклучувајќи ротација на партнери)

Користењето на истиот персонал за ангажмани на подолги временски периоди може да создаде закана за нашата независност преку можноста за создавање блискост и личен интерес. Имаме јасни правила на глобално ниво за да се осигураме дека продолжените периоди на „време на

вклучување“ се проследени со доволни периоди на „ладење“, во согласност со нашите глобални барања и најдобри практики. Многу земји имаат построги правила на локално ниво, кои мора да се почитуваат каде што е применливо.

### Обезбедување на неуверувачки услуги на клиенти за ревизија/уверување

Обезбедувањето на неуверувачки услуги за клиентите за ревизија или уверување, исто така, може да создаде закани за нашата независност. Според тоа, таквите услуги се забранети особено за субјекти од јавен интерес. Онаму каде што се дозволени ваквите услуги, имаме јасни упатства за да го олесниме процесот на информирано донесување одлуки кое опфаќа голем број различни фактори кои може да бидат релевантни. Во случај на обезбедување на повеќе неуверувачки услуги, проценките мора да се спроведуваат и на индивидуално и на комбинирано ниво.

## Обезбедување доверливост

Нашите клиенти и засегнати страни ни доверуваат големи количини на информации, од кои голем дел се доверливи. Имаме етички, законски и професионални обврски да се погрижиме овие податоци да се третираат внимателно и доверливо и да се користат само за наменетите цели. Главниот директор за безбедност на информации на Групацијата (CISO) е одговорен за обезбедување надзор, следење на политики и стратешки насоки за прашањата на ризикот за безбедноста на информациите и сајбер безбедноста. Дополнителни информации за приватноста на податоците и безбедноста на информациите се приложени во делот „Обезбедување на нашата дигитална понуда“ од овој Извештај.

## Здружување со трети страни и клиенти кои ги споделуваат нашите вредности

Посветени сме да се погрижиме да соработуваме само со трети страни и клиенти кои ги споделуваат нашите вредности. Нашите одлуки за тоа дали да започнеме или да продолжиме соработка со веќе постоечки клиенти се засноваат на донесување информирана проценка за интегритетот и етичките вредности на третата страна. На овој начин се осигуруваме дека финансиските и оперативните приоритети не не водат до несоодветни одлуки.

Имплементиравме глобални алатки и процеси наменети за длабинска анализа на клиентите наречени -запознај го својот клиент и должна анализа на клиентот (CDD), кои опфаќаат различни теми, вклучително и спречување на перење пари, измама, корупција, економски и трговски санкции и даночни прекршоци, како и проверки на независност и идентификација на вистинските сопственици. Онаму каде што се идентификуваат политички изложени лица преку нашите процеси за анализа на клиентите (CDD), постојат дополнителни заштитни мерки за да се обезбеди соодветност на односот и сите ангажмани, вклучително и спроведување на зголемена длабинска анализа.

Одлуката за продолжување на односите со клиентите се разгледува во редовни временски интервали. Како општо правило, ова мора да се ревидира еднаш годишно, но исто така е потребно да се ревидира и секогаш кога се случуваат големи настани (како што се реструктуирање, спојувања или превземања или други настани кои суштински го менуваат профилот на ризик на клиентот).

## Проверки за судир на интереси

Пред да прифатиме какви било професионални ангажмани, мора да се осигураме дека се идентификувани сите потенцијални судири на интереси и од ангажирните тимови се бара да применат тест за „разумна личност“ за да се провери дали разумен и информиран набљудувач со познавање на сите факти може да сфати дека нашата објективност во материјата може да биде нарушена.

Нашата глобална алатка за проверка на независноста, WeCheck, е достапна за да помогне во проверките на судир на интереси на потенцијалните и постоечките клиенти и да ја заштити независноста на Mazars.

## Годишни изјави за независност

Сите партнери и персонал пополнуваат прашалници во вид на изјави за независност на годишно ниво. Прашалникот се заснова на барањата на CCOI и на сите дополнителни правила и прописи применливи на локално ниво. Резултатите се пријавуваат до GIAC и GEB за да се обезбеди глобален надзор.

Сите нововработени вработени и партнери пополнуваат изјава за независност како дел од нивното вклучување. Партнерите и персоналот кои работат на ревизорските ангажмани, исто така, се обврзани да пополнат дополнителни лични потврди за независност за потенцијалните клиенти и на почетокот на сите нови ангажмани.

## Интегрирање на нови земји во Mazars SC

Сите нови земји кои влегуваат во Mazars SC следат ригорозни програми за вклучување, кои вклучуваат обука за независност и прифаќање со цел да се обезбеди целосна интеграција во нашата култура, системи и процеси.

## Прекршување на етичките стандарди

Доколку се утврди какво било прекршување на етичките стандарди, постојат јасни глобални процеси за да се осигура дека ќе се преземат активности за задоволително решавање на проблемот што е можно поскоро. Мора да се подготви документација за да се сумира проблемот и донесените заклучоци.

На годишно ниво, од земјите се бара да подготват резиме за сите пријавени прекршувања и да го испратат до тимот за прифаќање на Групацијата. Резултатите се пријавени до GIAC и GEB за да се обезбеди глобален надзор.



# Нашиот глобален систем за управување со квалитет
# **Испорачување квалитет за нашите клиенти**

## Вршењето квалитетни ангажмани е од фундаментално значење за нашиот пристап. Нашите ангажирани тимови и партнери се посветени на испорачување континуиран квалитет на нашите клиенти.

### Контрола и надзор на ангажманот

Од партнерите на ангажманот се очекува да ги разберат и да ги исполнат своите одговорности за управување и постигнување квалитет на секој ангажман и за соодветно вклучување во текот на ангажманите.

Од партнерите за ангажман ние бараме да завршат голем број задачи во различни фази од секој ангажман. За време на фазата на планирање на ангажманот, ова вклучува ангажирање со клиентот, преземање одговорност за стратегијата на ангажманот, стекнување соодветно квалификувани, стручни и компетентни ресурси и поставување разумни буџети и распореди. За време на фазата на извршување на ангажманот, од нив се очекува да одржуваат контакт со клиентот, да ги решаваат прашањата што се појавуваат и да обезбедат тековно усогласување со методологиите, политиките и применливите стандарди, меѓу другите работи. Во текот на последната фаза од ангажманот, клучните одговорности вклучуваат преглед на донесените заклучоци, одобрување и презентирање на резултатите пред раководството на клиентите.

Контролата и надзорот на ангажманот не се ограничени само на партнерите на ангажманот и нашите процеси бараат работата што ја извршуваат помалку искусни колеги да биде насочена, надгледувана и прегледана од поискусни колеги како што е соодветно.

### Спроведување на професионално расудување и професионален скептицизам

Од нашите тимови за ангажман се очекува да покажат соодветно професионално расудување и професионален скептицизам во сите ангажмани.

### Консултации

За тешки или спорни прашања, очекуваме и поттикнуваме култура на консултации со цел да се донесат соодветните заклучоци, кои потоа може да се спроведат од страна на тимовите за ангажман. За да го поддржат ова, од земјите се бара да стават на располагање компетентни поединци кои се способни да одговорат на технички прашања. Онаму каде што е применливо, записите од консултациите мора да бидат вклучени во документацијата за ангажманот и треба да ги вклучуваат сите донесени одлуки, основата за секоја одлука и како одлуката била спроведена.

### Решавање на разлики во мислењата

Онаму каде што постојат разлики во мислењата, имаме механизми за олеснување на решавањето, вклучително и процеси на ескалација.

### Документација за ангажман

Извршувањето на квалитетни ангажмани зависи од висококвалитетната документација за англажмани која е составена навремено и во согласност со нашите внатрешни политики. Исто така, осигуруваме дека документацијата за ангажманот е соодветно одржувана и чувана за да ги задоволи нашите потреби и да биде во согласност со релевантните закони, прописи, етички

барања и професионални стандарди. Ова вклучува следење на политики и процедури за да се обезбеди безбедно складирање на целата документација за ангажманот.

Од нашите тимови за ангажман се бара да подготват документација која е доволно детална за да и овозможи на независната страна да ја разбере работата што е извршена и како се донесени заклучоците или препораките.

## Преглед на квалитетот на ангажманот

Нашите процеси за проверка на квалитетот на ангажманот овозможуваат објективна евалуација во реално време на значајните елементи од ангажманот и заклучоците донесени од тимот на ангажманот. Тие се спроведуваат од одобрени лица со соодветен стаж и со соодветно искуство и техничка експертиза кои се независни од тимот на ангажманот.

## Меѓународни платформи за испорака

Нашите глобални сервисни линии и функции за поддршка дополнително се потпомогнати во навременото и висококвалитетно испорачување на ангажманите од осум меѓународни платформи за испорака. Со посветен персонал од над 800 во нашите центри за испорака, ние сме способни да обезбедиме експертиза и центри на извонредност за поддршка на локалната испорака на нашата работа. Во 2023 година, приближно 30 земји низ Групацијата имаа корист од работата на овие меѓународни платформи за испорака, во дигиталните области, ревизија и аутсорсинг.

.



# Нашиот глобален систем за управување со квалитет **Обезбедување на нашата дигитална понуда**

## Нашата употреба на технологија може да не изложи и на внатрешни и на надворешни закани. Затоа имплементираме ригорозни протоколи за безбедност и заштита на податоците за да го зачуваме интегритетот и доверливоста на податоците за кои сме одговорни.

### Како ја користиме технологијата

Ние користиме различни технологии за да ги поддржиме нашите луѓе во испораката на квалитет во нашиот бизнис. Неуспехот за ефикасно управување со технолошките ресурси, безбедноста на информациите и барањата за управување нè изложува на голем број ризици, вклучувајќи финансиска загуба, нарушување на угледот, ризици за квалитетот и континуитетот на испораката и намалена конкурентна способност. Затоа, сите наши технолошки ресурси се во согласност со строгите контроли за управување со ИТ и ги исполнуваат минималните стандарди за ИТ безбедност како што е дефинирано на глобално ниво.

Во текот на годината, иницираме програма за усогласување на нашата глобална ИТ околина за да се олесни зголемената соработка помеѓу нашите фирми-членки.

### Обука и едукација

За да им помогнеме на нашите луѓе да бидат во тек со најновите барања, имаме годишни програми за обука и едукација поврзани со технолошките ресурси и бараме од сите нови луѓе кои ни се приклучуваат да потврдат дека ги прочитале и ги разбрале политиките за ИТ безбедност на Mazars. Од постојниот персонал се бара да ја потврдува континуираната усогласеност со овие стандарди на годишно ниво.

### Безбедност на информации

За да се осигураме дека информациите се доволно заштитени, ние ги споделуваме само со овластен персонал, а нашите глобални стандарди гарантираат дека постојат локални политики за заштита на безбедноста на информациите. Ова го минимизира ризикот информациите што ги поседуваме да бидат ненамерно изгубени или оштетени.

Нашите глобални барања беа подобрени во 2023 година, вклучително и наложување на зголемен број барања за безбедност на информации за сите фирми-членки. Ние, исто така, ги подобривме нашите оперативни и управувачки структури за безбедност на информации на глобално ниво со преместување на управувањето со функцијата во управувањето со глобалниот ризик за да обезбедиме поголема независност во нашиот надзор над безбедноста на информациите. Оваа година ги интегриравме нашите KPI за безбедност на информациите во проценката на перформансите и распределбата на BP на партнерите кои управуваат со земјата.

Во 2023 година, воведовме глобална програма за подигање на свеста за сајбер безбедност, која беше позитивно прифатена кај нашите тимови, но сепак имаме простор за подобрување во 2024 година. Една област што постигна особен успех во текот на годината беше кампањата за фишинг, која покажа значително намалување на број на колеги кои ги внесуваат своите информации како одговор на контролираните тестови за фишинг.

Како што одиме напред кон 2024 година, дополнително ќе ги унапредуваме нашите стандарди и ќе воведуваме нови контроли врз основа на Националниот институт за стандарди и технологија на САД - Рамка за сајбер безбедност.

## Сајбер напад – Mazars во Бразил

Во 2023 година бевме цел на сајбер напад во Бразил. Како одговор, нашите локални процедури за сајбер безбедност беа имплементирани веднаш за да се запре нападот и да се искорени можноста за протекување од тој момент. Независни форензички експерти беа ангажирани за да го идентификуваат обемот на протечените податоци и основната причина за нападот. Засегнатите клиенти и релевантнните регулатори беа известени во согласност со релевантното законодавство за заштита на податоците. Нашите изјави како одговор на инцидентот можете да ги прочитате на нашата глобална глобална веб-страница.

## Приватност на податоци

Приватноста на податоците се управува во секоја земја во согласност со локалните и меѓународните регулативи. Овој децентрализиран пристап е поддржан од нашите глобални барања и насоки обезбедени од нашиот службеник за обработка на податоци на Групацијата, поддржани од тимот за приватност на податоците на групата.

Нова Политика за заштита на личните податоци беше објавена во текот на годината и вградена во Прирачникот за глобална политика.



# Нашиот глобален систем за управување со квалитет
# **Оспособување на нашите тимови**

## Нашите интелектуални ресурси, развиени на глобално ниво, надополнети локално и поддржани со насоки и алатки, му овозможуваат на нашиот тим да испорачува доследно на нашите клиенти и според нашите високи стандарди. Тие ги вклучуваат нашите различни методологии, политики, кодекс на однесување, технички ресурси и многу повеќе.

Нашите задолжителни барања за фирмите се комуницирани во нашиот Прирачник за глобална политика, применлив за сите фирми и сите сервисни линии и се ажурираат најмалку еднаш годишно. Ова е дополнето со прирачници за политики за ISQM1 (ревизија и уверување), даночни услуги, аутсорсинг и финансиски советодавни услуги, а други се во развој. Неколку од нашите услуги се поддржани со детални методологии, а најзначајна е методологијата за ревизија на Mazars. Имаме минимални барања за редовно прегледување и одржување на нашите значајни интелектуални ресурси, што ни помага да се осигураме дека тие се точни, релевантни и достапни кога им се потребни на нашите тимови.

### Методологија за ревизија на Mazars (MAM)

MAM и поврзаните упатства ја поставуваат методологијата за ревизија на Mazars во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) издадени од Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување (IAASB) на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC). Тој е дополнет со важечките локални, регулаторни и законски барања за сите земји.

MAM, кој е нашиот најкористен интелектуален ресурс на глобално ниво, се применува на сите ревизии извршени од интегрирани фирми, давајќи им на нашите клиенти доверба во конзистентноста и квалитетот на нашите меѓународни ревизии. На нашите тимови им дава насоки за апликации, ЧПП, шаблони и алатки за ревизори и додатоци за PCAOB ревизии. Користењето на заедничка методологија нуди конзистентен пристап и квалитет на глобално ниво низ нашите ангажмани, без оглед на големината и обемот на клиентот. Неодамна го лансиравме MAM на нашата нова „ Библиотека за истражување на методологија и политики “ (Methodology and Policy Library Explorer - MAPLE), напојувана од водечки софтвер за управување со содржина и достапна за ревизори во секоја фирма. Нашиот глобален MAM тим дополнително ги поддржува тимовите преку функцијата за помош.

### Методологија за обезбедување одржливост (SAM)

Дополнително на работата што ја започнавме во 2022 година, продолжуваме да развиваме иновативна и модерна Методологија за обезбедување одржливост (SAM) за да обезбедиме ниво на квалитет што ги исполнува очекувањата на регулаторите и пошироките засегнати страни. Имајќи ја предвид оваа цел, имаме застапеност и редовно комуницираме со стандардните, советодавните и регулаторните тела. Исто така, водиме редовни дискусии и активно бараме учество од професионалци од внатрешната пракса со цел нашата методологија и соодветните решенија да ги задоволат очекувањата на корисниците.

# Нашиот глобален систем за управување со квалитет
# **Мониторинг и подобрување**

## Дизајнирањето на нашиот систем за управување со квалитетот е само првиот чекор. За да се осигураме дека ги исполнуваме нашите стратешки цели, ние исто така постојано го следиме, прегледуваме и бараме да го подобриме нашиот пристап секогаш кога е потребно.

### Глобални програми за мониторинг (инспекции)

Функцијата Меѓународен мониторинг на квалитет на групацијата(IQM) делува како трета линија на одбрана во нашиот пристап базиран на ризик за надгледување на цврста и доследна испорака на квалитет од страна на нашите фирми-членки. Глобалниот тим на IQM е поддржан од регионални тимови за следење на квалитетот, кои обезбедуваат дополнителен надзор на програмите за мониторинг на ниво на земја.

Нашите фирми ја користат програмата за следење на квалитетот и усогласеноста што е во рамките на нашето ИТ решение за управување со квалитет, за да ги идентификуваат локалните проблеми со квалитетот и усогласеноста поврзани со SoQM и перформансите на ангажманот.

Годишната програма за инспекција на IQM ја спроведуваат независни рецензенти на Mazars од различни земји во рамките на групацијата избрана според искуството, компетентноста и капацитетот за извршување на работата. Опфаќа два аспекта:

- SoQM прегледи
- Преглед на досиеја од ангажмани.

Прегледите на SoQM се состојат од 1.) детални прегледи за одбран број фирми кои може да се вршат на лице место или од далечина и вклучуваат одредено повторување на тестирањето; и 2.) Вон-теренски преглед на повисоко ниво за сите преостанати фирми-членки.

Фирмите се избираат користејќи пристап заснован на ризик. Детални инспекции обично се спроведуваат во секоја земја на секои три до пет години. Во 2023 година извршивме детални прегледи на 22 фирми-членки.

Прегледите на датотеките на ангажманот (исто така наречени „ладни прегледи“) се дизајнирани да го следат квалитетот на работата на партнерите на ангажманот. Секоја година, тимот на IQM издава насоки/обука и прашалници за прегледување на досиејата за ангажман, кои вклучуваат прашања за практиките за прифаќање и продолжување, мислења за етика и независност, за распределба на ресурси, за компетентност и документација за ангажманот.

Околу 91 инспекција, кои ги покриваат нашите сервисни линии за ревизија и уверување, даноци, аутсорсинг и финансиско советување, се планирани за преглед на досиеја во врска со работата спроведена во 2023 година. Дополнително, во 2023 година, 54% од земјите беа предмет на глобално координиран внатрешен преглед на квалитетот на барем една од нивните сервисни линии.

## Програми за мониторинг на ниво на фирма

Од сите фирми се бара да воспостават програми за следење кои обезбедуваат релевантни, веродостојни и навремени информации за дизајнот, имплементацијата и функционирањето на локалниот SoQM. Програмите за мониторинг исто така се фокусираат на континуирано подобрување и се способни да препорачаат соодветни активности како одговор на идентификуваните наоди и недостатоци за да се осигураат дека тие се навремено решени.

За да се обезбеди квалитет, програмата мора да биде надгледувана од поединец кој е сениор и независен од дизајнот и спроведувањето на SoQM и мора да биде испорачан од поединци кои се доволно објективни во однос на активностите за мониторинг што треба да се извршат.

## Идентификување и санирање на познати проблеми

Наодите идентификувани преку глобалните процедури за мониторинг се анализираат во согласност со глобалните стандарди. Доколку се утврдат недостатоци, се врши дополнителна анализа за да се утврди дали недостатоците се системски или се повторуваат. Се договараат корективни акциони планови со јасни временски рокови за подобрување и се доделува одговорност на соодветни релевантни стејкхолдери за да се обезбеди навремено решавање.

## Анализа на основните причини

Онаму каде што се идентификуваат недостатоците поврзани со работата на SoQM, фирмите спроведуваат анализа на основната причина за да ги идентификуваат причините. Поправните дејства се дизајнирани да ги решат идентификуваните основни причини. Во текот на годината го објавивме нашиот Глобален водич за вршење на анализа на основните причини (RCA) за да поттикнеме конзистентност и да ги поддржиме фирмите-членки во примената на робустен пристап за анализа на основната причина. Во срцето на пристапот е искористувањето на влезните податоци од различните програми за внатрешен мониторинг (на ниво на фирма и глобално), како и надворешните влезни податоци и други клучни метрики и индикатори за квалитет.

## Надворешен мониторинг и регулаторни прегледи

Сите фирми кои подлежат на надворешен надзор имаат воспоставено процеси за да одговорат на барањата на која било надворешна регулаторна или надзорна инспекција или преглед. Ова вклучува идентификација на релевантен персонал кој ќе соработува со регулаторите.

mazars

# Испорачување на квалитет при ревизија
## Служење на јавниот интерес

**Во спроведувањето на нашата работа за ревизија и уверување, промовираме транспарентност и споделуваме увиди. Преку конструктивен предизвик, заснован на взаемна доверба и почит, градиме доверба во корпоративното известување. Токму овој робустен пристап гарантира дека ревизијата на Mazars испорачува целосни придобивки за компанијата, нејзините акционери и нејзините други засегнати страни. Исто така, обезбедува максимална корист за општеството, придонесувајќи за развој на одржливи бизниси и економии.**

### Глобално управување со ревизијата

Нашата сервисна линија за ревизија и уверување е управувана од глобалниот одбор за ревизија (GAB), со кој претседава Глобалниот извршен директор на Mazars и составен од 16 членови од десет земји, кои ги покриваат сите региони. Членовите ги претставуваат глобалните функции, вклучувајќи квалитет, учење за ревизија, талент, трансформација и методологија, како и нашиот бизнис во приватна сопственост (POB) и пазарите PIE. GAB е поддржан од четири комитети, кои се фокусираат конкретно на: регионите, нашите пет најголеми земји, квалитетот и проектите.



# Испорачување на квалитет при ревизија
# Нашата посветеност на квалитетот во ревизијата

## Квалитетот е она што ја прави ревизијата значајна. Активно ја развиваме нашата методологија, ги разгледуваме препораките за квалитет и наодите од регулаторните инспекции и ги подобруваме вештините и знаењата на нашиот стручен кадар. Постојано ги зголемуваме нашите очекувања за квалитетот на ревизијата, бидејќи тоа е нешто што постојано се развива во согласност со општествените промени.

Нашата сервисна линија за ревизија и уверување нуди специфичен пристап, пристап фокусиран на луѓето кој оди подалеку од усогласеноста, со интегрирана структура која ни овозможува беспрекорно да работиме како еден тим на глобално ниво. Ние им служиме на регионални, национални и меѓународни компании од сите големини и структури со комбинирање на вистинските луѓе со вистинските вештини за секој ангажман, искористување на нашето колективно знаење и користење конзистентни алатки и методологии.

Клучните приоритети за GAB во 2023 година беа технологијата и алатките, управувањето со таленти и квалитетот, а најважните моменти за годината се сумирани подолу.

### Atlas NextGen

Атлас е нашата глобална платформа за ревизии. Во текот на 2023 година, ја започнавме миграцијата на нашата глобална платформа од Atlas 1 во Atlas NextGen. Atlas NextGen го реструктуира корисничкиот интерфејс и корисничкото искуство, што резултира со подобрена ефикасност за нашите ревизори. Архитектурата на платформата исто така беше надградена за да понуди пореактивна и поодговорна апликација, а ISA 315R беше во центарот на развојната работа за да се обезбеди тековно усогласување со новите регулативи за нашите ангажмани.

Системот Atlas NextGen е изграден за да биде усогласен со ISO 27001, кој сега е сертифициран. Системот ќе подлежи на пенетрациско тестирање (pen-testing) на годишно ниво за да се обезбеди понатамошна безбедност на ИТ податоците и одржување на платформата.

### Глобална структура на оценки и рамка за компетентност

Се спроведува глобална структура на оценки и рамка за компетентност за да се обезбеди конзистентност во регионите, земјите и канцелариите.

### Глобална патека за учење на ревизија

Нашата *Глобална патека за учење на ревизија* постојано се ажурира за да вклучи задолжителни курсеви за обука поврзани со клучни технички теми за нашите ревизори. Имплементацијата на Глобалната патека за учење на ревизија во сите земји се следи како индикатор за квалитет на ревизијата.

### Истражување за квалитетот на ревизијата

Резултатите од нашето истражување за квалитетот на ревизијата посветено на групните ревизии се следат и се доставуваат до релевантните засегнати страни за да се олеснат разговорите меѓу тимовите на ангажманот и континуирано да се подобри квалитетот во групните ревизии.

# Испорачување на квалитетна ревизија
## Глобални индикатори за квалитет на ревизијата

**Во текот на годината, глобалните индикатори за квалитет на ревизија (AQI) беа дефинирани и доставени до земјите за понатамошно разгледување во однос на веродостојноста и релевантноста на информациите. Овие AQI вклучуваат информации за надзор, фидбек од анкетата на клиентите, фидбек од лидерите на ревизијата во земјата, резултати од внатрешна и надворешна инспекција и усогласеност со Глобалната патека за учење на ревизијата.**

### Нашите гобални клучни индикатори за перформанси (KPIs)

**63**

часови на обука во просек по ревизор (62 часа во 2022)

Независен ревизорски надзор се одржа во

**75**

држави (68 во 2022), од кои **34** биле предмет на регулаторни инспекции (13 во 2022)

**3.5**

Соодност персонал/партнер (3.2 во 2022)

**12.5**

Соодност персонал/партнер (12.5 во 2022)

# Испорачување на квалитетна ревизија
# **Тимови со два партнери и ротација**

Во одредени земји, сите големи ангажмани се ставени под одговорност на најмалку двајца партнери. Поставување на тимови од партнери на ангажмани ја зајакнува објективноста и носи поширока техничка експертиза во ангажманот, во корист на нашите клиенти.

Клучните ревизорски партнери се ротираат во ангажманите за ревизија на PIE, во согласност со националните и ЕУ законите и регулативите, Директивата на ЕУ за законска ревизија и Кодексот на IESBA. Оваа ротација го намалува ризикот од „блискост" со ревидираната компанија и ризикот од нарушена независност. Исто така, му овозможува на ревизорот да има поголема објективност во справувањето со прашањата на клиентите и во изразувањето мислење за финансиските извештаи.

## Очекувања во врска со повеќе аспекти поврзани со животната средина, општествените прашања и управувањето

Со воведувањето на задолжителни ревизии за известување во врска со повеќе аспекти поврзани со животната средина, општествените прашања и управувањето (ESG) во Европа и другите делови на светот, улогата на ревизорот се менува и мора да ги надмине традиционалните сметководствени вештини. Ова претставува и можност за понатамошна поддршка на нашите клиенти и предизвик за управување со ризик, бидејќи постои потенцијал за значителен пораст на контроверзи поврзани со ESG и судски спорови за *greenwashing*, на кои ревизорите веројатно нема да бидат имуни. На крајот, ние исто така силно веруваме дека инволвираноста на нашите клиенти и нивна целосна ангажираност во известувањето за ESG е усогласено со должноста на ревизорот да му служи на јавниот интерес преку придонесување со посигурни, релевантни и транспарентни информации во јавното известување.

Во последната година, верни на својата ДНК, Mazars многу инвестираше во градењето на темелите на нашата сервисна линија за одржливост, особено во однос на обезбедувањето гаранции. На глобално ниво, создадовме технички функции за одржливост, составени од Тим за стандарди за известување за одржливост, Тим за стандарди за обезбедување одржливост, Тим за управување со квалитет на одржливост и Работна група за прифаќање ESG известувањето. Оваа структура се очекува да се рекреира во сите поголеми земји.

Паралелно, нудиме глобални програми и алатки за обука (на пр., Европски стандарди за известување за одржливост (ESRS) и Методологиите за ревизија на ESG известување) на нашите членови на тимот за одржливост во сите поголеми географски области. Ова исто така вклучува подготвување на традиционалните финансиски ревизори за новите предизвици со кои ќе се соочат.

mazars

# Испорачување на квалитет при ревизија
# **Нашиот придонес за јавниот интерес**

## Се гордееме што сме поинаков вид на компанија – ние сме компанија која придонесува за фер и просперитетен свет со тоа што се грижи за успехот на нашите луѓе и клиенти, за здравјето на финансиските пазари и за интегритетот на нашата професија.

Се појавуваат нови мисии за ревизорите и се очекува тие да имаат значително влијание врз нашите општества и економии. Бидејќи компаниите мора сè повеќе да ги земат предвид нивните перформанси во новите стратешки области како што се ESG/одржливоста и нивната употреба на дигитални алатки, ревизорите се соочуваат со растечки барања да обезбедат уверување во овие области. Ова е предизвикувачко и возбудливо време, а ние го отвораме патот, помагајќи да се обликуваат нови пристапи за поцелосно разбирање на перформансите на компанијата, вклучително и воспоставување на нови одредници во овие области кои брзо се развиваат.

Затоа придонесуваме кон разговорите за иднината на ревизијата и потребата од прилагодување на ревизорските регулативи, стандарди и рамки на новиот контекст. Ја споделуваме нашата експертиза, нашето искуство и фидбек за најефикасните начини за подобрување на квалитетот на ревизијата и градење доверба преку ангажирање со клучните чинители и регулатори преку нашето вклучување во професионални организации, клучни работни групи и институции ширум светот. Во 2023 година, ова вклучуваше:

- Членство во одборот на IFAC и IAASB, меѓународните поставувачи на стандарди за ревизија.
- Членство во одборот и претседавање со работни групи во Accountancy Europe и Европската група на меѓународни сметководствени мрежи и асоцијации (EGIAN), професионални организации кои ги претставуваат здруженијата на ревизори и сметководители низ Европа.
- Учество во различни клучни работни групи на националните ревизорски институти ширум светот.
- Ние сме активни учесници во разговорите во врска со ревизорските реформи во повеќе јурисдикции и форуми, барајќи да придонесеме за решенија за заедничките предизвици со кои се соочува професијата ширум светот. Овие предизвици вклучуваат прашања во врска со квалитетот на ревизијата кои произлегуваат од значајни ревизорски скандали, кои имаа значително влијание врз економијата, финансиската стабилност и довербата во професијата, покрај зголемените барања за ревизија во различни области, заедно со намалувањето на број на ревизори и ревизорски фирми способни да се справат со ваквите предизвици.



Во Mazars, учествуваме во овие разговори преку споделување на нашите ставови и одговарање на јавни консултации на национално, регионално и глобално ниво. Нашите клучни препораки вклучуваат:

- Поттикнување на отворањето на PIE пазарот за ревизија за дополнителни играчи во ревизијата, со цел да се изгради доверба и квалитет на ревизија и соодветно да се одговори на новите барања и новите очекувања.
- Да се осигураме дека компаниите имаат вистински избор и збор во однос на нивните ревизори, а со тоа ќе се заштитат од вродените ризици на концентрираниот пазар.
- Да се осигураме дека најголемите субјекти имаат корист од принципот „четири очи“ и вкрстените прегледи, кои се клучни карактеристики на заедничките ревизии.
- Овозможување на ревизорите да имаат корист од сеопфатините вештини и обезбедување на мултидисциплинарниот модел во рамките на постоечките заштитни мерки.
- Обезбедување на поле за имплементирање на известување за одржливост преку воведување на веродостојни, конзистентни и споредливи стандарди, како што се ESRS во државите членки на ЕУ и Стандардите за обелоденување на одржливост на Меѓународните стандарди за финансиско известување во останатите јурисдикции.

Нашите придонеси за овие дебати се јавни и ќе бидат достапни на посебна веб-страница на глобалната веб-страница на Mazars, како и на веб-страниците на институциите што ги водат овие консултации.



mazars

# Изјава за усогласеност

# ISQM1 имплементација и евалуација

## Mazars во програмата ISQM1 на Северна Македонија, предводена од раководството на партнерите на Mazars во Северна Македонија, успешно ги имплементираше релевантните компоненти на ISQM1 од датумот на имплементација на 15 декември 2022 година. Периодот од 1 септември 2022 до 14 декември 2022 година беше воден според Меѓународниот стандард за контрола на квалитет (ISQC1).

ISQM1 воведува нов процес за проценка на ризик (RAP) за управување со квалитетот. Додека голем број процеси и контроли постоеја според претходниот меѓународен стандард за контрола на квалитетот (ISQC1), спроведувањето на новиот стандард и примената на овој нов процес за проценка на ризик (RAP) резултираше со подобрувања на постоечките контроли, процеси и поврзаните политики, воведување нови контроли, јасна одговорност за SoQM и подобрена документација.

Дополнително, го модернизиравме тестирањето на нашата фирма за ефективноста на нашето контролно опкружување за да се усогласи со барањата на ISQM1 и ги рафиниравме нашите процеси за следење и санација, вклучително и анализа на основните причини за недостатоци, за да се усогласат со новите барања на ISQM1.

Mazars во Северна Македонија го усвои ИТ решението ISQM1 на Mazars Group - иновативна глобална алатка во која се сместени глобално усклaдениот сет на квалитетни цели, ризиците за квалитетот и поврзаните основни контроли усогласени со ISQM1 – на кои фирмите можат да ги додадат и поврзаните методологии ISQM1. Покрај тоа, алатката ISQM1 ги олеснува:

- Документацијата на резултатите од процесот за проценка на ризик на фирмата;
- Евидентирање на резултатите и тестирање на фирмите за ефективноста на контролите на ISQM1; и
- Прикажување на целокупната годишна евалуација SoQM на фирмата.

# Надворешна контрола на квалитет

## Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20-а од законот за ревизија во Република Северна Македонија

Првата евалуација на Системот за управување со квалитет на фирмата се бара да се изврши во рок од една година по 15 декември 2022 година.

Во текот на 2022 година, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје беше предмет на проверка на контрола на квалитетот согласно член 20-а од Законот за ревизија, притоа согласно Извештајот за извршена контрола на квалитет, издаден во декември 2022 година, севкупниот заклучок е задоволително.

# Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

## Надоместоци за законска ревизија

При ревизијата, хонорарот се утврдува врз основа на буџетираните потрошени часови за ангажманот, зголемени за евентуални трошоци поврзани со самиот ангажман.

mazars

# Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизијата и другите надоместоци

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во текот на 2023 година обезбедуваше услуги во областа на ревизијата, вклучувајќи ревизија на единечни и консолидирани финансиски извештаи, проверка, други услуги на уверување како и други услуги вклучувајќи: советодавни услуги, услуги на даночно советување, посебно договорени постапки и слично.

| ВИД НА ПРИХОД | Во 000 мкд 2023 | Во % 2023 | Во 000 мкд 2022 | Во % 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 16.690 | 62,59% | 12.161 | 62,63% |
| Приходи од дополнителни услуги за уверување во квалитет | 1.041 | 3.90% | 2.037 | 10,49% |
| Приходи од даночни и советодавни услуги | 8.149 | 30,55% | 3.385 | 17,43% |
| Приходи од други неревизорски услуги | 790 | 2,96% | 1.834 | 9,45% |
| ВКУПНО | 26.670 | 100,00% | 19.417 | 100,00% |

mazars

# Правни лица на Mazars подредени географски и по држава

## Африка и Блискиот Исток

| Држава | Називи на регистрирани правни лица |
|---|---|
| Алжир | Mazars Audit Algérie |
| Ангола | Mazars Angola - Auditores & Consultores, Lda. |
| Бахреин | Mazars Chartered Accountants (Bahrain) |
| Бенин | MAZARS BENIN |
| Боцвана | MAZARS PARTNERSHIP(BOTSWANA) |
| Буркина Фасо | Mazars au Burkina Faso |
| Камерун | MAZARS CAMEROUN |
| Конго (Киншаса) | Mazars République Démocratique du Congo SARL |
| Египет | Mazars Mostafa Shawki & Co |
| | Mostafa Shawki Consulting For Corporate Finance & Securities SAE |
| Габон | Mazars Gabon |
| Гана | Mazars Ghana |
| Брег на Слоновата Коска | MAZARS COTE IVOIRE |
| Јордан | International Professional Bureau Consulting & Audit Co. |
| Кенија | Mazars Kenya |
| | Emu Registrars |
| Кувајт | Accounting Center Certified Public Accountants |
| Либан | MAZARS SAADE SAL |
| Мадагаскар | CABINET MAZARS FIVOARANA |
| Маурициус | MAZARS LIMITED |
| | Mazars LLP |
| Мароко | MAZARS AUDIT ET CONSEIL |
| Мозамбик | Mazars, Lda |
| Нигер | International Audit & Consulting, I.A&C Niger |
| Нигерија | MAZARS PROFESSIONAL SERVICES |
| Оман | Mazars For Consultancy And Audit SPC |
| | Mazars Chartered Accountants LLC |
| Палестинска територија | Mazars Chartered Accountants and Consultants |
| Катар | Mazars Consultants Auditors and Partners |
| | Mazars LLC (Qatar) |
| Руанда | Mazars Rwanda |
| Саудиска Арабија | AL KHARASHI CERTIFIED ACCOUNTANTS & AUDITORS |
| Сенегал | MAZARS SENEGAL |

| Држава | Називи на регистрирани правни лица |
|---|---|
| Јужна Африка | Mazars Port Elizabeth |
| | Mazars Services Trust |
| | Mazars Cape Town |
| | Mazars Central Inc |
| | Mazars Durban |
| | Mazars Gauteng |
| | Mazars Empowerment Investments (Pty) Ltd |
| | Mazars Financial Services Africa (Pty) Ltd |
| | Mazars International Services Pty Ltd |
| | Mazars Gauteng Inc |
| Танзанија | Mazars Tanzania |
| Тунис | ECC MAZARS |
| | STRATEGY AND BUSINESS CONSULTING INTERNATIONAL |
| Уганда | Mazars BRJ |
| Соединети Арапски Емирати | Mazars Chartered Accountants |
| | Mazars Tax Consultants |
| | MAZARS CHARTERED ACCOUNTANTS LLC |
| | MAZARS ADVISORY LIMITED-000005585 |
| Зимбабве | KLM Chartered Accountants |
| | KLMCA Advisory Services |

## Америка

| Држава | Правен назив |
|---|---|
| Аргентина | ESTUDIO URIEN & ASOCIADOS |
| | ESTUDIO URIEN S.R.L. |
| Бермуда | Mazars Limited, Bermuda |
| Бразил | MAZARS AUDITORES INDEPENDENTES - SOCIEDADE SIMPLES LTDA. |
| | MAZARS AUDITORES LTDA. |
| Канада | Mazars, s.e.n.c.r.l. |
| | 9089-1060 Québec inc. |
| | Mazars Canada inc. |
| Кајмански Острови | Mazars Cayman |
| | Mazars Limited |
| Чиле | Mazars Chile Ltda |
| | Mazars Auditores Consultores Spa |
| Колумбија | Mazars Colombia S.A.S BENEFICIO E INTERES COLECTIVO- BIC |
| Мексико | MAZARS AUDITORES, S. DE R.L. DE C.V. |

| Држава | Правен назив |
|---|---|
| | MAZARS GUADALAJARA, S. DE R.L. DE C.V. |
| | MAZARS MEXICALI S. DE R.L. DE C.V. |
| **Перу** | Contreras y Asociados Sociedad Civil de Responsabilidad Limitada |
| **Соединетите Држави** | Mazars USA LLP |
| **Уругвај** | MARTINEZ BERNIE LUIS Y GONZALEZ COLMAN PATRICIA ROSMARI SOCIEDAD CIVIL |
| **Венецуела** | ADRIANZA RODRIGUEZ CEFALO & ASOCIADOS |
| | Mazars Venezuela |

## Азија Пацифик

| Држава | Правно име |
|---|---|
| **Авганистан** | Mazars Afghanistan Limited |
| **Австралија** | MAZARS RISK & ASSURANCE PTY LIMITED |
| | Mazars Melbourne Pty Ltd |
| | Mazars Assurance Pty Ltd |
| **Кина** | MAZARS CERTIFIED PUBLIC ACCOUNTANTS. |
| | Mazars (Beijing) Certified Public Accountants |
| **Хонг Конг С.А.Р., Кина** | Mazars CPA Limited |
| **Индија** | Kalyaniwalla Mistry and Associates |
| | Kalyaniwalla & Mistry LLP |
| | Mazars Advisory LLP |
| | S. N. DHAWAN & CO LLP |
| **Индонезија** | KAP Aria Kanaka & Rekan |
| **Јапонија** | Mazars Audit LLC |
| **Малезија** | Mazars PLT |
| | Mazars Risk Management Sdn Bhd |
| **Пакистан** | MAZARS M.F. & CO. |
| **Филипини** | YU VILLAR TADEJA AND CO |
| **Сингапур** | MAZARS LLP (SINGAPORE) |
| **Јужна Кореја** | Mazars Sebit Korea |
| **Тајван** | Mazars Taiwan CPAs (瑪澤聯合會計師事務所) |
| **Тајланд** | Mazars Limited (Based in Thailand) |
| | MZT Partners Ltd |
| | Mazars Holding (Thailand) Ltd |
| **Виетнам** | Mazars Vietnam Co Ltd |

mazars

## Европа

| Држава | Правно име |
|---|---|
| Албанија | Mazars Shpk |
| Австрија | Mazars Tax Advisory GmbH |
| | Mazars Austria GmbH |
| | Mazars IT Services GmbH |
| Белгија | Mazars Bedrijfsrevisoren - Réviseurs d'Entreprises |
| Босна и Херцеговина | Mazars d.o.o |
| Бугарија | MAZARS OOD |
| Хрватска | Mazars Cinotti Audit d.o.o. |
| Кипар | Mazars Limited (Cyprus) |
| Чешка | Mazars Audit s.r.o. |
| Данска | MAZARS statsautoriseret revisionspartnerselskab |
| Франција | Mazars SA |
| | Mazars & Associés |
| | Mazars Uniconseils |
| | CBA |
| | Mazars Experts et Conseils |
| | Mazars (Lyon) |
| | Mazars Hauts de France |
| | Mazars (Rouen) |
| | Mazars (Bezannes) |
| | Mazars (Labège) |
| | Mazars (Strasbourg) |
| | Mazars Bourgogne Franche-Comté |
| | Mazars Data |
| | Mazars Dijon |
| | Mazars Pontarlier |
| | Mazars Lons |
| | MAZARS & SEFCO |
| | Mazars Valence Experts & Conseils |
| | Mazars Gourgue |
| | Mazars Haguenau |
| | Mazars Entrepreneurs (Lyon) |
| | Mazars Développement |
| | Mazars D.D.A |
| | Mazars CPA |
| | Mazars SARL |
| | AGEC |
| | Mazars Galet Oldra |
| Германија | Mazars GmbH & Co. KG Wirtschaftsprüfungsgesellschaft Steuerberatungsgesellschaft |
| Гибралтар | Mazars (Gibraltar) Limited |
| Грција | MAZARS CERTIFIED PUBLIC ACCOUNTANTS BUSINESS ADVISORS SA |
| Унгарија | MAZARS Könyvszakértő és Tanácsadói Korlátolt Felelősségű Társaság |
| Ирска | Mazars |

mazars

| Држава | Правно име |
|---|---|
| Израел | Bri Rotbart Raz Mazars Israel |
| | FS AUDIT SERVICES |
| Италија | Professionisti Associati Società Semplice |
| | Mazars Italia S.p.A |
| Казахстан | 'Mazars' Limited Liability Partnership |
| Косово | MAZARS KOSOVA SH.P.K |
| Киргистан | Mazars Limited Liability Company |
| | 'Mazars Audit' Limited Liability Company |
| Латвија | Mazars Audits |
| Литванија | Persense |
| | Mazars Lithuania Audit |
| Луксембург | MAZARS Luxembourg |
| Северна Македонија | Мазарс Ревизија ДОО<br>Мазарс Н-П Консалтинг ДОО |
| Малта | Mazars Malta |
| Холандија | Mazars Accountants N.V. |
| Норвешка | Mazars AS |
| Полска | Mazars Audyt Sp. z o.o. |
| Португалија | MAZARS & ASSOCIADOS, SOCIEDADE DE REVISORES OFICIAIS DE CONTAS, S.A. |
| Романија | Mazars Romania SRL |
| Србија | MAZARS d.o.o. Beograd |
| Словачка | Mazars Slovensko, s.r.o. |
| Словенија | MAZARS, družba za revizijo, d.o.o. |
| | MAZARS IT, DRUZBA ZA INFORMACIJSKE STORITVE, D.O.O. |
| Шпанија | Mazars Auditores S.L.P. |
| Шведска | BSM Revisionsbyrå AB |
| | KlöverRevision i Limhamn AB |
| | Körö Revisionsbyrå AB |
| | Dagermark Revision AB |
| | Grebneke Advisory AB |
| | Anders SportsMan AB |
| | MBO Revision AB |
| | SPA Revisionsbyrå AB |
| | Anders Persson Revisionsbyrå Ystad AB |
| | Stenskottet AB |
| | Saltsjökvarns Revision AB |
| | Norrhagens Revision AB |
| | Optimus Ekonomikonsult AB |
| | Flora Revision AB |
| | Ö Rev i Hbg AB |
| | Himmelsblå Revision AB |
| | MBR Revision AB |
| | Helleklint Revisionsbyrå AB |
| | Revisio Jan Håkansson AB |
| | Mak Revision AB |
| | Persson Audit AB |

| Држава | Правно име |
|---|---|
| | eMeMeM AB |
| **Шведска (продолжение)** | Mazars AB |
| | Mazars KB |
| | Endeavour Auditing AB |
| | HMAB Konsult AB |
| | Den vita valen AB |
| | M F Revision i Stockholm AB |
| | Lilla Ego Revision AB |
| | Mazarinen AB |
| | Mak Revision & Rådgivning AB |
| **Швајцарија** | MAZARS SA (Suisse) |
| | Aunexis AG |
| | Mazars SA |
| **Турција** | Denge Bağımsız Denetim Serbest Muhasebeci Mali Müşavirlik A.Ş. |
| **Украина** | 'Audit Firm 'Mazars Ukraine' LLC |
| **Обединетото Кралство** | Mazars LLP |
| **Узбекистан** | LImited Liability Company 'Mazars Advisory' |

# Прилог 1

## Изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

**И З Ј А В А**

**ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА**
**ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ**

Одговорниот за квалитетот на ревизиите, Управителите на друштвото за ревизија изјавуваат дека системот на контрола на квалитетот на друштвото за ревизија функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото за ревизија и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Скопје, 29 март 2024 година

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор

## Прилог 2

# Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

**И З Ј А В А**

**ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ**

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или не можат да се извршат од страна на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да и помогне на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите.

Усвоениот систем на интерна контрола и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите доследно се спроведуваат.

Скопје, 29 март 2024 година

Управител на
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор

# Прилог 3

# Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година

mazars

**И З Ј А В А**

**ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА КОНТИНУРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА**

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки а согласно член 28 од Законот за ревизија, друштвото за ревизија има развиено политики за:

- континуирана едукација на овластените ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на РСМ и од акредитирани институции во странство
- перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консултантски куќи од Република Северна Македонија, интерни семинари во рамките на друштвото, набавка на стручна литература, финансиска поддршка при подготовка и полагање на ревизорскиот испит, финансиска поддршка при доедукација во областа на информатички технологии
- консултации во рамките на друштвото, како и со надворешни соработници

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите од година во година доследно ги применува.

Скопје, 29 март 2024 година

Управител на
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

[Печат: Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје — mazars]

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор

# Контакт

Ненад Ранѓеловиќ

Раководен партнер

info@mazars.mk

Mazars е меѓународно интегрирано партнерство, специјализирано за ревизија, сметководство, советодавни, даночни и правни услуги*. Работејќи во над 100 земји и територии низ целиот свет, ние се потпираме на експертизата на повеќе од 50.000 професионалци - 33.000+ во Интегрираното партнерство на Mazars и 17.000+ преку Mazars North America Alliance - да им помогне на клиентите од сите големини во секоја фаза од нивниот развој.

*Онаму каде што е дозволено според важечките закони на земјата

© Март 2024

www.mazars.com

mazars